**Република Македонија**
**Државна изборна комисија**

# З А П И С Н И К
## *ОД 61 –ТАТА СЕДНИЦА*
## *НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА*

## *ОДРЖАНА НА 18 ФЕВРУАРИ 2014 ГОДИНА*

# ЗАПИСНИК
## од шеесет и првата седница на Државната изборна комисија

Шеесет и првата седница на Државната изборна комисија се одржа на ден 18 февруари 2014 година ( вторник ) во седиштето на Државната изборна комисија во Скопје со почеток во 12:10 часот.

На седницата присуствуваа:

| | |
|---|---|
| **Никола Рилкоски -** | Претседател на Државната изборна комисија |
| **М – р. Субхи Јакупи -** | Потпретседател на Државната изборна комисија |
| **Влатко Сајкоски -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Сашо Срцев -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Анета Стефаноска -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Виолета Дума-** | Член на Државната изборна комисија |
| **Бедредин Ибраими -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Расим Мустафа -** | Зам. Генерален секретар на Државната изборна комисија. |

На Седницата не присуствуваше Генерален секретар на Државната изборна комисија, Биљана Стојановска од оправдани причини.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Државната изборна комисија Никола Рилкоски. Претседателот констатира дека е Комисијата во полн состав и дека може да работи и да одлучува полноважно.

За оваа седница беше предложен следниот

### ДНЕВЕН РЕД:

**1.Разгледување и усвојување на Записникот од 59 – та Седница на Државната изборна комисија одржана на 13 февруари 2014 година и Записникот од 60–тата Седница на Државната изборна комисија одржана на 14 февруари 2014 година;**
**2. Расправа за составот на Избирачките одбори согласно членот 38 од Изборниот законик ;**
**3. Разгледување на барањата за разрешување на претседател, членови и нивни заменици од Општинските изборни комисии;**
**4.Случаен избор за именување на претходно разрешените претседатели, членови и нивни заменици во Општинските изборни комисии;**
**5.Предлог Одлука за утврдување на висината на средствата потребни за изнајмување на приватни објекти за гласање;**
**6.Предлог Известување до Општинските изборни комисии и до Избирачките одбори на ДКП со Изјава за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци;**
**7.Предлог Одлуки за ангажирање на лица во помошните тела на Државната изборна комисија за спроведување на изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 година.**
**8.Разно.**

Се отвори расправа по дневниот ред.

Никој не побара збор и предложениот дневен ред е ставен на гласање и изјаснување.

**Комисијата едногласно го усвои предложениот дневен ред.**

**Точка 1:**

**Разгледување и усвојување на Записникот од 59 – та Седница на Државната изборна комисија одржана на 13 февруари 2014 година и Записникот од 60 –та та Седница на Државната изборна комисија одржана на 14 февруари 2014 година;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски отвори дискусија по Записникот од 59 – тата Седница и Записникот од 60 –тата Седница на Државната изборна комисија а ќе се гласа поодделно за секој Записник.

За збор се јави Бедредин Ибраими, Член на ДИК, со мало укажување овие Записници да поминат вака но за понатаму кога ДИК носи одлуки, решенија или заклучоци да стои во Записникот дека донесените акти се составен дел од тој Записник.

Никој друг не побара збор во врска со Записниците и Записникот од 59 –та Седница на ДИК е ставен на гласање.

**Комисијата едногласно го усвои Записникот од 59 – та Седница на Државната изборна комисија одржана на 13 февруари 2014 година.**

Ставен е на гласање Записникот од 60 –тата Седница на Државната изборна комисија одржана на 14 февруари 2014 година ;

**Комисијата едногласно го усвои Записникот од 60 – та Седница на Државната изборна комисија одржана на 14 февруари 2014 година**

**Точка 2:**

**Расправа за составот на Избирачките одбори согласно членот 38 од Изборниот законик ;**

Се отвори дискусија по оваа точка. За збор се јавија:

- Виолета Дума, Член на ДИК, меѓу другото кажа дека била предложена како член во работната група во Министерството за правда како предлагач на измените и дополнувањата на Изборниот Законик. Дополната во членот 38 став (4) "Претседателот на ИО и неговиот заменик " се додаваат зборовите " се избираат од редот на вработените во државната, јавната, општинската и администрацијата во градот Скопје, со високо образование " е предлог на ДИК кој е меѓу првите прифатен од другите предлози на ДИК. Ги наведе хронолошки измените и дополнувањата на Изборниот законик во однос на составот на ИО од 2006 год. па наваму. Изборниот законик со измените и дополнувањата од 2014 година е во сила и се поставува прашање дали треба да се пристапи кон измена на целиот ИО или само на измена на некои членови кои не ги исполнуваат условите по чл.38 став (4). На работен состанок е доста дискутирано по ова прашање. Смета дека според чл. 38 став (4) од Изборниот законик ДИК мора да пристапи кон избор на нов состав на ИО, а доколку законодавецот сакал нешто друго да каже со овој член тоа ќе се навело во завршните одредби на Изборниот законик каде се внесуваат отстапувањата од законот како што било со измените и дополнувањата на Изборниот законик во 2006 год. и 2008 год.
- Бедредин Ибраими, Член на ДИК, се заблагодари на дискусијата на Виолета Дума, Член на ДИК и побара да се донесе Заклучок да се изберат нови 3481 ИО со образложение дека според членот 38 ставот (4) најмалку се менуваат 60 % од членовите на ИО, а ако се додаде условот " најмалку средно образование " 70 % од ИО се менува. Друг основ е дека ДИК не смее да им го одземе правото на другите државни службеници кои се со висока стручна спрема, а претседателот на ИО е со средна стручна спрема ДИК да не им даде можност да бидат на листата за

бирање. Негов Заклучок е 3481 Избирачки Одбор да се изберат во нов состав. Инсистира да се почитуваат одредбите од Изборниот законик и мора да се оди на избор на нови ИО за да ДИК не биде повод и да послужи на некого утре да поднесе приговор заради неправилно составен ИО. Се оградува од одлуката парцијално да се врши избор затоа што со тоа се прекршува законот.

- Влатко Сајкоски, Член на ДИК, меѓу другото кажа дека се согласува со ставовите на колегите во однос на хронологијата на измените во Изборниот законик во однос на составот на ИО. Од поранешно искуство се знае дека со членовите на ИО кои имаат пониско од средното образование имало проблеми. Го има фактот дека цирка 961 лице во ИО немаат средно образование туку основно. Од 30 илјади луѓе кои се ангажирани во изборните органи помалку од 1000 луѓе немаат средно образование. Смета дека сите членови на ИО кои ги исполнуваат условите по членот 38 од Изборниот законик треба да го завршат мандатот а тие кои не ги исполнуваат условите да се сменат. Доколку ДИК направи преседан и ги смени целосно ИО ќе постапи спротивно на Изборниот законик.

- Сашо Срцев, Член на ДИК меѓу другото кажа дека тука во конкретен случај се работи за јакнењето на капацитетот на изборната администрација во поглед на образованието. Измената во Изборниот законик се однесува само на образованието а не и на мандатот на членовите на ИО. Не може да се прекинат мандатите на членовите на ИО кои ги исполнуваат условите, само на претседател и заменик и член и заменик на ИО кој не ги исполнува условите согласно чл.38 треба да му престане мандатот. Треба само да се дополнат ИО.

- Анета Стефановска, Член на ДИК, го прочита членот 38 точката (4) од Изборниот законик и меѓу другото кажа дека не е во ред да се бираат 30 илјади лица ако само 961 лице не ги исполнува условите, односно нема соодветно образование. Има став дека согласно членот 38 точката (4) од Изборниот законик, кој е донесен со консензус на политичките партии точно стои дека мандатот на ИО е 4 години и бара да не се извртува оваа законска одредба. ДИК треба да ја олесни работата во изборниот процес а не да ја кочи. Апелира и сака едногласно да биде изгласан предлогот на местото на 961 лице кои не ги исполнуваат условите согласно членот 38 точката (4) од Изборниот законик да бидат избрани нови лица а лицата во ИО кои ги исполнуваат законските услови остануваат до крајот на своите мандати.

- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи меѓу другото кажа дека ДИК не е виновна што за секои избори има измени и дополнувања во Изборниот законик а Дик треда да ги имплементира тие измени и дополнувања.Во врска со членот 38 точката (4) од Изборниот законик треба да побараме толкување на оваа законска одредба но ДИК е во изборен процес .Наведе примери од поранешните изборни процеси. Според него согласно членот 38 точката (4) од Изборниот законик ДИК треба да прави избори само за тие членови на ИО што не ги исполнуваат условите а мандатот им го зема законот. При изборот на овие членови ДИК треба да води сметка за половата и етничката припадност. Во ново формираните 504 ИО за 504 Избирачки места членовите ќе имаат мандат од 4 години согласно законот.

- Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски меѓу другото побара во понатамошните дискусии да не се даваат оценки во врска со дискусиите на другите членови на ДИК . По ова прашање ДИК со гласање ќе се изјасни. Лично мисли дека треба да дојде до генерална промена и избор на нови членови на ИО.

По долготрајните и исцрпни дискусии Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски ја затвори дискусијата. Произлегоа два Предлога.

**Прв Предлог е генерална промена и избор на нови членови на Избирачките одбори.**

**Предлогот е ставен на гласање.**

**Комисијата гласаше со 3 гласа " ЗА"** ( гласаа Виолета Дума, Бедредин Ибраими и Никола Рилкоски ) **и 4 гласа "ПРОТИВ"** ( гласаа Сашо Срцев, Анета Стефановска, Влатко Сајкоски и М-р. Субхи Јакупи ). **Се констатира дека овој Предлог не е прифатен.**

**Втор Предлог е Избирачките одбори да бидат променети само ако не ги исполнуваат условите од членот 38 точката (4) од Изборниот законик. Предлогот е ставен на гласање.**

**Комисијата гласаше со 4 гласа " ЗА"** (гласаа Сашо Срцев, Анета Стефановска, Влатко Сајкоски и М-р. Субхи Јакупи ) **и 3 гласа "ПРОТИВ"** ( гласаа Виолета Дума, Бедредин Ибраими и Никола Рилкоски ) **Се констатира дека овој Предлог е прифатен.**

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи даде предлог да се стави на гласање за новите 504 ИО во 504 Избирачки места дека имаат мандат од 4 години.

**Предлогот на ново избраниот состав на 504 Избирачки одбори мандатот да се смета 4 години е ставен на гласање.**

**Комисијата гласаше со 4 гласа " ЗА"** (гласаа Сашо Срцев, Анета Стефановска, Влатко Сајкоски и М-р. Субхи Јакупи ) **"ПРОТИВ " нема и 3 гласа "ВОЗДРЖАНИ"** ( гласаа Виолета Дума, Бедредин Ибраими и Никола Рилкоски ) **Се констатира дека овој Предлог е прифатен.**

**Точка 3:**

**Разгледување на барањата за разрешување на претседател, членови и нивни заменици од Општинските изборни комисии;**

За збор се јави Бедредин Ибраими, Член на ДИК кој кажа дека се на работен состанок разгледани барањата за разрешување на претседател, членови и нивни заменици од Општинските изборни комисии. Според Листата на членови на ОИК кои бараат разрешување на 3 лица а тоа се Фатма Ејуп, Претседател на ОИК Пласница, Натар Пајазити, Член на ОИК Тетово, Назиктере Сулејмани, Претседател на ОИК Сарај не им е одобрено барањето за разрешување затоа што не ги исполнуваат законските условите за разрешување. На останатите лица им е одобрено барањето за разрешување. Исто така според Листата на членовите на ОИК вработени во МНР кои по закон треба да бидат изземени ДИК треба да ги изземе и на нивно место да избере нови членови. Вкупно се разрешени или изземени 35 лица од ОИК. Сите членови наведени во Листите се прочитани поименично.

За збор се јавија Потпретседател на ДИК, М-р Субхи Јакупи кој побара да се донесе Заклучок при изборот на нови членови на ОИК да има правична полова и етничка застапеност ( кој член е разрешен да се бира нов член со иста полова и етничка припадност како разрешениот) .

**По завршување на дискусијата Комисијата едногласно донесе Заклучок: Доставените Листи со барања за разрешување на претседател, членови и нивни заменици од Општинските изборни комисии се прифатени освен за лицата Фатма Ејуп, Претседател на ОИК Пласница, Натар Пајазити, Член на ОИК Тетово, Назиктере Сулејмани, Претседател на ОИК Сарај кои не се разрешени затоа што не ги исполнуваат законските услови за разрешување.**

**Предлог Заклучокот на Потпретседател на ДИК, М-р Субхи Јакупи при изборот на нови членови на Општинските изборни комисии да има правична полова и етничка застапеност, е ставен на гласање и едногласно усвоен.**

**Точка 4:**

**Случаен избор за именување на претходно разрешените претседатели, членови и нивни заменици во Општинските изборни комисии;**

Се направи пауза на Седницата поради техничка подготовка од страна на Секторот за информатичка технологија во ДИК, во просториите на ДИК, да се спроведе случајниот избор.

Поради зафатеност и моментално отсуство на Претседателот Никола Рилкоски од Седницата, Седницата продолжи да ја води Потпретседателот на ДИК ,М-р Субхи Јакупи.

Започна спроведувањето на случајниот избор за именување на претходно разрешените претседатели, членови и нивни заменици во Општинските изборни комисии ( точка 3 од дневен ред ) во согласност со Изборниот законик водејќи сметка за процентот и застапеноста врз основа на национална и полова припадност, на ново избраните лица.

**Комисијата по пат на случаен избор изврши избор на 36 претходно разрешени претседатели, членови и нивни заменици во Општинските изборни комисии, врз основа на што да се донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуките за формирање на Општинските изборни комисии. Одлуката е составен дел на овој Записник.**

**Точка 5**

**Предлог Одлука за утврдување на висината на средствата потребни за изнајмување на приватни објекти за гласање;**

Потпретседателот на ДИК ,М-р Субхи Јакупи даде објаснување во врска со оваа точка. Максималниот износ на средствата потребни за изнајмување на приватни објекти во кои согласно решенијата за утврдување на избирачките места се спроведува гласањето е до 3.000,00 денари. Да се склучат договори за закуп, што е веќе пракса во ДИК со ополномоштување на раководителите во подрачните одделенија да ги склучат овие договори. ДИК има список и за изнајмување на простор по општините но треба да има напомена, само каде нема јавни објекти да се изнајми простор.

Никој друг не побара збор и Предлог Одлуката за утврдување на висината на средствата потребни за изнајмување на приватни објекти за гласање, е ставена на гласање.

**Комисијата едногласно ја усвои Одлуката за утврдување на висината на средствата потребни за изнајмување на приватни објекти за гласање. Одлуката е составен дел на овој Записник.**

**Точка 6:**

**Предлог Известување до Општинските изборни комисии и до Избирачките одбори на ДКП со Изјава за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци;**

Потпретседателот на ДИК ,М-р Субхи Јакупи објасни дека Изјавата за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци произлезе од член 23 став 1 од Законот за заштита на личните податоци, а во врска со член 14 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработка на личните податоци. Претседателот, членовите, секретарот на општинските изборни комисии и нивните заменици, како и претседателот, членовите, секретарот на избирачките одбори и нивните заменици се должни, доколку не го сториле тоа, да потпишат изјава за обезбедување на тајност и

заштита на личните податоци. Со ова Известување е доставена и Изјавата како формулар.

Никој друг не побара збор и Известување до Општинските изборни комисии и до Избирачките одбори на ДКП со Изјавата за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци е ставено на гласање.

**Комисијата едногласно го усвои Известувањето до Општинските изборни комисии и до Избирачките одбори на ДКП со Изјавата за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.**

**Точка 7:**

**Предлог Одлуки за ангажирање на лица во помошните тела на Државната изборна комисија за спроведување на изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 година.**

Потпретседателот на ДИК ,М-р Субхи Јакупи кажа во врска со оваа точка дека се подготвени Одлуки за ангажирање на лица во помошните тела на Државната изборна комисија за спроведување на изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 година.

За збор се јави Бедредин Ибраими, Член на ДИК кој кажа дека со договор со Заменик Генералниот секретар на ДИК треба да се направат измени на две Одлуки. Лицето Албан Мисими ангажиран во помошно тело на Секторот за избирачки список за Изборна единица бр.8 да биде асистент на Заменик Генералниот секретар на ДИК, а на негово место да биде ангажирано лицето Славица Соколовска.

Се прочитаа сите 24 Одлуки за ангажирање на лица во помошните тела на Државната изборна комисија за спроведување на изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 година и со забелешката на Бедредин Ибраими, Член на ДИК се ставени на гласање.

**Комисијата едногласно, со наведените измените ги усвои Одлуките за ангажирање на лица во помошните тела на Државната изборна комисија за спроведување на изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 година. Одлуките се составен дел на овој Записник.**

**Точка 8:**

**Разно**

По точката “Разно“ за збор се јавија:

- Бедредин Ибраими, Член на ДИК кој кажа дека направил симулација во однос на бројот на избирачи по Изборни единици. Од Изборната единица број 6 се пренесени избирачи во Изборната единица број 5 и има скоро 1% надминување на бројот на избирачи. Смета дека ДИК треба ова да го сигнализира и да се достави до Државниот завод за статистика укажување дека е надминат цензусот од 1% на бројот на избирачи.
- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи, кој кажа дека е испратено писмо до Државниот завод за статистика да ја спроведе законска обврска за префрлање на Избирачки места од 6 во 5 Изборна единица и треба да добиеме одговор по ова прашање.
- Анета Стефановска, Член на ДИК, кажа како информација во врска со хендикепираните лица “Полио плус “ дека ке достават писмо до ДИК и ДИК има законско задолжение да ги прими овое лица и да види за што се работи.
- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи постави прашање кои лица располагаат со службениот меил на ДИК и со 3 ново отворени службени мејлови на ДИК.

- Државниот советник за правни работи и изборен систем, одговори дека Раководителот на Секторот за информатичка технологија ги знае пасвордите на сите службени мејлови на ДИК, а за постоечкиот службен меил е овластена Славица Оџаклиеска-Блажевска. За новите 3 службени мејлови нека одлучи ДИК.
- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кажа дека според него Претседателот на ДИК треба да даде овластување за новите мејлови затоа што е тоа сериозна работа, тие се службени мејлови и да не се случи злоупотреба. Исто така ДИК има податоци дека во Изборните единици 7,8 и 9 72 лица поднеле пријави за гласање за избор на Претседател на Република Македонија во ДКП и конзуларните канцеларии на Република Македонија во странство. Со овие податоци располага Државниот советник за правни работи и изборен систем.
- Државниот советник за правни работи и изборен систем, кажа дека направил план и определил лица за Изборните единици 7, 8 и 9 и тие се задолжени и за новите службени мејлови. Треба да се направи формата на задолжението и да ја потпише Претседателот на ДИК.
- Бедредин Ибраими, Член на ДИК кој кажа дека секојдневно ДИК треба да добива извештаи во Изборните единици 7,8 и 9 72 лица колку лица поднеле пријави за гласање за избор на Претседател на Република Македонија во ДКП и конзуларните канцеларии на Република Македонија во странство.Државниот завод за статистика бара секојдневно сукцесивно да се прават решенија за промени во Избирачкиот список.Подрачните одделенија секојдневно да доставуваат до ДЗС решенија за промена во Избирачкиот список.
- Државниот советник за правни работи и изборен систем кажа тека така се работи само на 6 и 7.03. 2014 година решенијата за промени во Избирачкиот список да одат по брза пошта.
-Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кажа лицата кои се ангажирани за јавен увид на Избирачкиот список и за собирање на потписи за независен кандидат за Претседател на Република Македонија во општините каде ДИК нема свое подрачно одделение односно канцеларија да се стават во помошно тело на ДИК но прво треба да се направи измена во Генералната Одлука за утврдување на потребата од формирање на помошни тела на Државната изборна комисија за спроведување на изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 год. и да се усвои на некоја од наредните седници на ДИК. Исто така Записничарот пишува рачно и би било добро да пишува на компјутер. Во Записниците од Седниците и Забелешките од работните состаноци да се пишува само суштината и Заклучоците.

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи , поради тоа што немаше други пријавени за дискусија, констатираше дека дневниот ред е исцрпен и ја затвори шеесет и првата седница на ДИК.

Составен дел на Записникот од оваа Седница е аудио снимката на Седницата.

**61-тата седница на Државната изборна комисија заврши во 15:00 часот.**

**Број** 07-416/2
21.02. **2014 година**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА,**
**Биљана Стојановска**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Никола Рилкоски**

**Изготвил: Зорица Петровиќ**